


# Подучување за антисемитизмот преку образование за Холокаустот

*Наставно средство*

5

WORDS
INTO
ACTION
TO ADDRESS ANTI-SEMITISM

OSCE
ODIHR

1. Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот
2. Надминување на несвесната пристрасност
3. Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди
4. Оспорување на теориите на заговор

# 5. Поучување за антисемитизмот преку образование за Холокаустот

6. Справување со негирањето, искривувањето и тривијализацијата на Холокаустот
7. Антисемитизмот и дискурсот за национално сеќавање
8. Постапување со антисемитските инциденти
9. Постапување за антисемитизмот на интернет
10. Антисемитизмот и состојбата на Блискиот Исток

# Подучување за антисемитизмот преку образование за Холокаустот

Образованието за Холокаустот подразбира настава и учење за геноцидот врз еврејскиот народ, заедно со прогонот и убиството и на други групи од страна на нацистичка Германија и нејзините соработници во Втората светска војна. Во многу земји, наставните програми содржат интензивна настава за Холокаустот[1]. Тоа е неопходен и важен развој, но, тоа не претставува соодветна замена за образованието во врска со антисемитизмот. Ако антисемитизмот се обработува исклучиво преку образованието за Холокаустот, учениците би дошле до заклучок дека антисемитизмот во денешно време не претставува проблем или погрешно би ги разбрале современи форми. Наставниците мора да имаат предвид дека образованието за Холокаустот не може да го спречи современиот антисемитизам кој можеби се заснова на поинакви идеолошки претпоставки и се манифестира во различен контекст.

Истовремено, соодветно и неопходно е лекциите за антисемитизмот да се вклучат во подучувањето за Холокаустот бидејќи тоа е основата за да се разбере контекстот во кој се случиле дискриминацијата, исклученоста и, конечно и уништувањето на Евреите во Европа. Стереотипите со кои се потхрануваат идеологиите коишто кулминирале со Холокаустот постојат и во денешно време. Подучувањето за оваа тема може, исто така, да биде и почетна точка за разгледување на современите аспекти на антисемитизмот, расизмот и други човекови права. Традиционалното образование за Холокаустот може несакајќи да разгори антисемитизам, и затоа внимателно треба да се планираат часовите.

Ова наставно средство содржи насоки за тоа како да се справиме со современиот антисемитизам преку образование за Холокаустот. Со помош на ова наставно средство, наставниците ќе бидат во можност:

- да разберат на кој начин расистичката и антисемитската идеологија придонеле за појавата на Холокаустот и
- да ги препознаваат антисемитизмот и другите форми на омраза во денешниот свет.

[1] ОДИХР прави редовни анкети и собира информации за актуелните практики во однос на сеќавањето на Холокаустот во сите земји членки на ОБСЕ. Види “Денови за сеќавање на Холокаустот: Преглед на сеќавањата и едукацијата во регионот на ОБСЕ”, ОДИХР, 27 јануари 2018, <https://www.osce.org/odihr/hmd2018>. Види исто Peter Carrier, Fuchs, Eckhardt, Fuchs and Torben Messinger, The International Status of Education about the Holocaust. A Global Mapping of Textbooks and Curricula. Summary (Paris: UNESCO, 2015).

# Заднина

Антисемитизмот не бил измислен од нацистите и дефинитивно не завршил со нив. Расната идеологија која е карактеристика на нацистичката филозофија се појавила децении претходно кон крајот на деветнаесеттиот век, надоврзувајќи се на претходни форми на антиеврејско расположение кај христијаните, со внесување на нови елементи. Поимот „антисемитизам“ бил популаризиран во седумдесеттите години на деветнаесеттиот век од страна на германскиот политички агитатор и новинар Вилхелм Мар, и тоа во време кога се појавиле псевдонаучните теории за расната супериорност и инфериорност. Овој поим е воведен со цел конкретно да се дефинира омразата кон Евреите како „раса“, а не како религија[2].

Повеќето стереотипи и митови за Евреите што ги користеле нацистите како предвесник на Холокаустот за да обезбедат поддршка за нивното „конечно решение“ биле возобновени од средновековниот период, а митовите од средновековието и модерното доба и понатаму се присутни во современата антисемитска пропаганда[3]. За опис на најчестите антисемитски митови и стереотипи, види ОДИХР наставно средство бр.3 – „Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди”[4].

Дел од тие исти митови повторно се возобновени и во денешно време. Пример за тоа е митот за крвната клевета што се појавил во средниот век и може да се види и денеска на сликовитите прикази во црквите низ Европа[5]. Овие сликовити прикази често биле користени во нацистичките памфлети, а постојат и во современите форми на антисемитската пропаганда.

Уште една тема која постојано се појавува во современиот антисемитизам е митот за светската доминација на Евреите, а чии корени датираат децении наназад пред да се случи Холокаустот. Овој мит е поврзан и со други митови, како што се оние кои тврдат дека Евреите ги контролираат банките, медиумите и политиката.

Сликите можат да биде ефективни за да се покаже на кој начин антисемитските митови се манифестираат, како во минатото така и во сегашноста.

### *Крвна клевета*

Со генерации, Евреите погрешно се обвинувани дека убиваат луѓе кои не се Евреи за ритуални цели и дека се во сојуз со ѓаволот. Во средновековна Европа, на почетокот од дванаесеттиот век, тоа често било придружено и со обвинувања дека Евреите ја користат крвта на жртвите за да испечат мацес за еврејскиот празник Пасха. Историски гледано, сите овие неточни обвинувања биле најчесто проследени со антисемитски протести и масовни убиства. Ваквото крвно клеветење сѐ уште одекнува и се слуша и во денешниот дискурс.

---

[2] Потеклото на поимот „антисемитизам“ само по себе доведе до недоразбирање за тоа дали тој во себе вклучува предрасуди кон други групи кои, исто така, се опишуваат како „семитски“. Антисемитизмот не се однесува на омразата кон оние кои зборуваат семитски јазик. Општата употреба на поимот „антисемитизам“ упатува само на негативната перцепција за еврејскиот народ, постапување мотивирано од предрасуди или омраза и идеологиите преку кои што тие се одржуваат.

[3] „Конечно решение“ се однесува на нацистичкиот план со кој било предвидено масовно истребување на Евреите во Европа. Повеќе информации се достапни на: Holocaust Encyclopaedia, “'Final Solution': Overview”, United States Holocaust Memorial Museum, <https://encyclopedia.ushmm.org/content/en/article/final-solution-overview>.

[4] За повеќе информации во врска со антисемитски изрази и културолошки идеи, види: *Справување со антисемитизмот преку образование – Насоки за креаторите на политики*, (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018), Анекс 2 („Примери за антисемитски изрази со преносно значење и културолошки идеи”) и Анекс 3 („Примери за антисемитски симболи”), <https://www.osce.org/odihr/383089?download=true>

[5] Види Heinz Schreckenberg, *The Jews in Christian Art: An Illustrated History* (New York: Continuum, 1997).

## Светска доминација

Митот за еврејскиот заговор кулминира со идејата дека тие заговараат да го преземат светот за свои цели. Протоколот на ционските мудреци, кој до денешен ден е популарен со повторно објавување на многу јазици низ целиот свет, е можеби најјасен и најдобар пример за оваа теорија. Современи примери за тоа се изразот „Гојим Ноу“ што се користи на интернет и на социјалните мрежи за да го потврди овој мит, а истото се однесува и на изразите и текстовите напишани за „луѓето гуштери“, Илуминатите и Новиот светски поредок. Види: <https://www.adl.org/education/references/hate-symbols/the-goyim-knowshut-it-down>.

Меѓутоа, тие неопходно не се препорачуваат за часовите. На учениците од кои ќе биде побарано да направат независно истражување за да најдат денешни примери за старите митови мора да им се обезбеди надзор и поддршка, поради ризикот да наидат на многу опасни интернет-страници кои можат да ги засилат старите стереотипи.

Образовните политики и практики во исто време треба да им овозможат простор на наставниците за справување со современото манифестирање преку наставата. Според една студија за антисемитизмот во Германија, нарачана од германскиот Парламент, образованието за Холокаустот несакајќи разгорува антисемитизам во Германија. Студијата предупредува дека стереотипите можат да се пренесат преку едностраното прикажување на Евреите како жртви и преку невнимателно претставување на појаснувањата за нацистичката пропаганда[6]. Слично на тоа, и покрај фактот што образованието за Холокаустот е задолжително во официјалните наставни програми на Франција[7], сепак, оваа земја е место каде што се случија неколку насилни и антисемитски напади во периодот од 2012 година[8], додека едно истражување од 2015 година покажа дека 59 проценти од Французите сметаат дека припадниците на еврејската заедница се барем делумно одговорни за антисемитизмот[9].

Образованието за Холокаустот треба да претставува можност да се сензитивизираат учениците за опасностите од стереотипите и предрасудите, и за да се соочат со можните последици од антисемитизмот, нетолеранцијата и расизмот. Така може да се истакнат и тешките морални прашања и последиците од изборот што го прават поединците кога се соочуваат со дискриминација и прогон во услови на војна. Едуцирањето на учениците за тоа на кој начин овие стереотипи биле искористени како оружје за убивање на шест милиони Евреи во Холокаустот може да ги поттикне учениците да ја искажат и да ја надминат рамнодушноста за ситуации во кои Евреите и другите и денеска се соочуваат со дискриминација.

[6] Види: Dan Fleshler, “Does Education Fuel Anti-Semitism”, Forward, 17 февруари 2012. Види, исто така, резултати од извештајот на Независната експертска група во 2017 година, чие резиме е официјално објавено од германскиот Парламент (Бундестагот): “Press Release”, Deutscher Bundestag, 24 април 2017, <https://www.bundestag.de/blob/503232/e551c26a4eb8bb46f2de1721a7f417e6/antisemtismusbericht_press_release-data.pdf>.

[7] “Holocaust Education, Remembrance, and Research in France”, International Holocaust Remembrance Alliance, <https://2015.holocaustremembrance.com/member-countries/holocaust-education-remembrance-and-research-france>.

[8] За повеќе информации во врска со насилните антисемитски инциденти во Франција, види: “Handout 2: The context of anti-Semitic hate crimes in France” in *Customization Report for France on implementing ODIHR’s publication on Understanding Anti-Semitic Hate Crimes and Addressing the Security Needs of Jewish Communities: A Practical Guide*, OSCE ODIHR, (10 март 2018), стр. 4-10, <https://www.osce.org/odihr/399785?download=true>.

[9] “Perceptions et attentes de la population juive: le rapport à l’autre et aux minorités [Perceptions and expectations of the Jewish population: The relationship to others and minorities]”, IPSOS, 31 јануари 2016, <https://www.ipsos.com/fr-fr/complement-perceptions-et-attentes-de-la-population-juive-le-rapport-lautre-et-aux-minorites>.



Антисемитска фреска на која е прикажана наводна крвна клевета во црквата „Св. Павле“ во Сандомиерж во Полска.

Образованието за Холокаустот е особено релевантно во контекст на општите заложби за унапредување и одржување на човековите права. На пример, подучувањето и учењето за Холокаустот:

- укажува на кревкоста на сите општества и на институциите за заштита на безбедноста и правата на сите луѓе, и покажува како овие институции можат да се свртат против еден сегмент во општеството;
- ги потенцира аспектите на човековото однесување кои влијаат на сите општества, како што се склоноста да се бара „жртвено јагне“, и каква улога имаат стравот, притисокот од околината, алчноста и незадоволството од општествените и политичките односи;
- покажува колку се опасни предрасудите, дискриминацијата и дехуманизацијата;
- го продлабочува размислувањето за моќта што ја имаат екстремистичките идеологии, пропагандата и говорот на омраза и
- го насочува вниманието на меѓународните институции и норми коишто беа создадени како реакција на извршените кривични дела за време на Втората светска војна[10].

[10] Деталните цели за учење во рамки на образованието за Холокаустот се содржани во *Едукација за Холокаустот и спречување геноцид: Водич за политики* (Paris: UNESCO, 2017), <https://unesdoc.unesco.org/ark:/48223/pf0000248071>.

# Наставни стратегии кога се отвораат тешки дискусии, вклучително и за антисемитизмот и Холокаустот

**Активност:**

*Тимско дефинирање на поимите*

Објаснете им на учениците дека за секоја лекција ќе биде направен поимник што ќе им помага на учениците да истражуваат сложени теми. Започнувајќи со четирите основни поими, насочете ги учениците да дадат свои зборови со кои ќе опишат како ќе се одвива дискусијата. Некои примери за такви зборови, заедно со целните одговори се:

- почитување: чувствување или покажување почит;
- внимание: посветување внимание на нешто;
- искреност: ослободени од измама и невистинитост; чесни и
- перспектива: одреден став кон нешто или начин на размислување за нешто; гледиште.

*Правила за работа*

Потенцирајте дека бидејќи на часот ќе се дискутираат тешки теми, важно е да се слушне мислењето на секој. За да може тоа да се случи, неопходно е да се дефинираат правилата за да се поддржуваат и заштитат учениците додека разгледуваат мачни прашања за време на дискусијата.

Напишете „правила за работа“ на таблата и побарајте од учениците да ги посочат правилата. Побарајте да размислат како би сакале тие да бидат слушнати од своите соученици и како би сакале да им се обраќаат. Напишете и неколку примери на таблата и потоа замолете ги учениците да ја надополнуваат листата.

Целни одговори: одговорите на учениците треба да го вклучуваат, или да бидат слични на следново:

- да се слуша со внимание и почит;
- да се зборува со почитување;
- секој учесник во дискусијата има подеднакво време да зборува („споделување на микрофонот“);
- да се биде искрен и со искрени намери;
- да им се овозможи на другите да го задржат или да го променат својот став и
- намерата е да се создаде доверба и да учиме едни од други, а не меѓусебно да се дискредитираме.

Правилата за работа се поставени на видливо место и се достапни во текот на целата дискусија.
Извор: “Module One”, Generation Human Rights, <http://www.generationhumanrights.org/module-one-lesson-1>.

**ДИСКУСИЈА ЗА ТЕНДЕНЦИИТЕ ВО СТЕРЕОТИПИЗИРАЊЕТО ПРЕД ДИСКУСИЈАТА ЗА КОНКРЕТНИ СТЕРЕОТИПИ**

Наставниците треба да отвораат дискусии за општите тенденции во стереотипизирањето и тоа да биде почетна точка за подигање на свеста во врска со конкретни стереотипи, вклучувајќи го и антисемитизмот. Тоа може да значи користење примери за видови на стереотипи и за сродни тенденции за да се насочат учениците да го разберат негативното влијание на стереотипите и (честопати привлечниот) поедноставен пристап кон сложени прашања што е поттикнат и овозможен од стереотипите, и Холокаустот како еден пример за тоа[11].

**Како да постапиме ако...?**

**...некој од учениците каже: „Зошто секогаш зборувате само за Евреите? Зошто не зборувате за геноцидот во Руанда, за ропството, за прогонот на Ромите, гулазите итн.?"?**

Можностите за едукација кои произлегуваат од Холокаустот за да се учи за антисемитизмот може најефективно да се искористат преку проактивност, наместо преку последователна реакција. Кога ја обработувате оваа тема на часот, размислете за интересите на вашите ученици, за нивните силни и слаби страни и за потеклото на секој од нив. Така ќе се зголеми ефикасноста на лекцијата – ќе посочи на опасностите на антисемитизмот и ќе се спречи отпорот кај учениците кога се обработува тема за Евреите и Холокаустот.

Појаснете колкава е сериозноста на Холокаустот, притоа упатувајќи на неговите влијанија врз меѓународното право за човекови права. Потенцирајте дека тоа довело до усвојување на Конвенцијата за спречување и казнување на геноцидот - што претставува основа на меѓународното право во врска со човековите права и геноцидот. Тоа може да претставува и добра можност да се прегледа или да се дознае повеќе за Конвенцијата, како и да се дискутира за други геноцидни настани како што е оној во Руанда или во Камбоџа[12].

На пример, учениците можеби прво ќе треба да увидат дека една тема која е за нив лично важна но, важна и за нивниот идентитет или потекло (како што се геноцид, колонизација, ропство или

**Предупредување! Стереотипните слики мора да се користат внимателно.**

Наставниците мора да бидат претпазливи ако се решат да користат антисемитски слики и фотографии во образованието за Холокаустот, и пошироко од тоа. Тие мора да бидат свесни дека мозокот ги обработува сликите поинаку од зборовите и дека сликите веројатно ќе се врежат во умот на учениците, особено ако учениците никогаш претходно не виделе такви слики.

Кога се користат слики, многу е важно внимателно да се избере материјалот, да се следи препорачана методологија, како што е онаа утврдена во проектот Teaching Tolerance, со цел да им се овозможи на учениците да разберат на кој начин сликите можат да ја искриват реалноста.

Повеќе информации за проектот Teaching Tolerance на Southern Poverty Law Center: <https://www.splcenter.org/teaching-tolerance> и <https://www.tolerance.org/>.

[11] Преземено од: *Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики* (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018), стр. 43, <https://www.osce.org/odihr/383089>.

[12] За целиот текст на Конвенцијата, види: UN General Assembly, *Convention on the Prevention and Punishment of the Crime of Genocide*, 9 December 1948, United Nations, Treaty Series, vol. 78, <https://www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/crimeofgenocide.aspx>

дискриминација) се препознава во наставата како тема што вреди да се пренесува преку сеќавањата, пред учениците да се отворат за дискусија во врска со антисемитизмот како појава што заслужува посебно внимание. Постојат разни воведни аспекти коишто наставникот може да ги користи за да ги запознае со Холокаустот и да им помогне на учениците да разберат на кој начин функционирал антисемитизмот пред и за време на овој период. На пример, наставникот може да го направи следново:

***Примарни извори*** се појаснувањата за некој настан од прва рака и тие може да помогнат да се долови реалноста за Холокаустот. Примарни извори се фотографии, интервјуа и лични наративи. Во мултикултурно опкружување во училницата би било корисно да се покажат историски документи што се однесуваат на земјите од каде што потекнуваат семејствата на учениците. Нацистичка Германија се протегала на голема територија, па така приказните за отпорот и праведноста би можеле да бидат инспирација за учениците со позитивни вредности. Пребарувајте по држава во базата на податоци на Јад Вашем за Праведните во нациите, каде што може да се најдат личности за пример од најразлично потекло: <https://www.yadvashem.org/righteous.html>.

- Да им даде простор на учениците да зборуваат за историски настани кои тие лично ги сметаат за важни. Дури и да не се поврзани со Втората светска војна или со Холокаустот, тие настани ќе им дадат можност да се почувствуваат прифатено и веројатно и да направат паралела со раните фази на антиеврејската политика на нацистите.

- Разгледајте некои од најважните поими за да бидете сигурни дека учениците ја разбираат концепциската рамка, вклучително и поимите како што се „жртвено јагне“, „стереотипи“, „предрасуди“ и „дискриминација“. Поканете ги учениците да поразговараат за овие поими во мали групи и притоа да формулираат дефиниција за секој поим или да ги пренесат своите идеи на мисловна мапа. Потоа, истражете ги овие идеи заедно со сите ученици. На крајот, поттикнете ги учениците да дадат конкретни примери од минатото и сегашноста што помага полесно да се илустрираат поимите. Заедно со сите ученици определете колку овие примери се добри за да се долови значењето на конкретните поими и на што се однесуваат тие. Водете сметка да вклучите и некои примери од антисемитизмот во денешно време, доколку учениците не понудиле такви примери, на пример кривично дело од омраза во кое биле нападнати Евреи или нивен имот[13].

- Ако сте поминале обука за Холокаустот, размислете да подготвите лекција за еден од столбовите на нацистичката расистичка идеологија, како што се националсоцијализам, евгеника или социјален дарвинизам. На ова треба да му пристапите не како на лекција за страдањето на Евреите, туку како лекција за тоа како една расистичка идеологија може да послужи за политичка цел. Тоа треба да им помогне на учениците да бидат поотворени во сочувствувањето со еврејскиот народ во однос на антисемитизмот со кој се соочувале пред, за време и по завршувањето на Холокаустот. Имајте предвид дека ако акцентот се стави на сторителите, тоа може да ги „одвои“ учениците од жртвите и од нивните искуства. Важно е да ги хуманизирате жртвите и тие ќе имаат централно место во пристапот.

[13] За примери за понови кривични дела од омраза кои биле сторени во вашата земја или во регионот, упати се на интернет- страницата на ОБСЕ/ОДИХР за пријавување кривични дела од омраза: <http://hatecrime.osce.org/>.

**Пристрасност** се однесува на „наклоност или предрасуда за, или против, некое лице или група, особено на начин што се смета за неправичен“.

**Дискриминација** значи „неправедно постапување или постапување врз основа на предрасуди со различни категории на луѓе“.

Извор: *Concise Oxford English Dictionary*, ninth edition

**Стереотип** се однесува на „премногу поедноставена претстава за одредена група луѓе“.

**Предрасуда** е „чувство за група на луѓе или за поединец во таа група што е засновано на стереотип“.

Извор: Справување со антисемитизмот преку образование: Насоки за креаторите на политики (Warsaw: OSCE/ODIHR, 2018), стр. 41, <https://www.osce.org/odihr/383089>.

**„Жртвено јагне“** е лице што го обвинуваат за грешки на другите и за сите неубави нешта што се случуваат.

Извор: *Concise Oxford English Dictionary*, ninth edition

За наставни ресурси за еврејските заедници во Европа во периодот пред војната, види наставни програми изготвени од Јад Вашем: <https://www.yadvashem.org/education/online-courses/prewar.html>

Образовниот труст за Холокаустот од Велика Британија има подготвено наставен комплет со фотографии кој може да преземе од: <https://www.tes.com/en-ie/teaching-resource/pre-war-jewish-life-6163128>.

**...ако некој ученик праша: „Зошто Евреите не го оставаат тоа зад себе и не продолжат понатаму? Тие го користат Холокаустот за да ја прикријат вистинската моќ што ја имаат денеска.”?**

За оние кои никогаш не биле жртви, тешко е да ги прифатат долгорочните влијанија на Холокаустот врз еврејските семејства и заедници, на нивната демографија и колективна психа. За учениците, Холокаустот може да изгледа како нешто многу далечно во историјата, но за еврејскиот народ тоа и понатаму претставува важен дел од живите сеќавања на семејствата на преживеаните, на нивните деца и внуци. Корисно би било да се истражува за присуството и придонесот на еврејските заедници во вашата земја или регион во периодот пред да се случи Холокаустот, и акцентот да се стави на хуманизирање на нивните искуства, за да им се помогне на учениците да го ценат тоа што било изгубено кога тие биле уништувани.

Наставното средство на ОДИХР бр.1 „Унапредување на знаењето за Евреите и јудаизмот“ претставува дополнителен ресурс што може да им помогне на наставниците да ги насочат учениците подобро да ги разберат еврејските заедници низ целиот свет и нивната различност. Добро е да се размисли и за посета на музеј на Евреите, на тура со водич, каде што се потенцира дека животот на оваа заедница претставува составен дел од историјата на вашиот град; или да се прочитаат, слушнат или гледаат сведочења на преживеаните од Холокаустот.

Вториот дел од горенаведеното тврдење веројатно потекнува од предрасудите за Евреите (види ОДИХР наставно средство бр.3 „Справување со антисемитските стереотипи и предрасуди“ ) и тоа може дополнително да се разгледа за да се стигне до изворот за таквата идеја. Интересно би било да се објасни дека стереотипот „моќни“ бил активно промовиран од страна на нацистичката пропаганда за да се поттикнува непријателство кон Евреите. Врз основа на претходните сознанија, јасно е дека ваквиот стереотип бил измислица.

**...ако некој ученик каже: „Германците сигурно биле глупави штом правеле како што ќе им кажел Хитлер!”?**

Истражете го концептот на пропаганда заедно со учениците:

- Како може да се дефинира?
- Како функционира?
- Зошто се подложни луѓето на неа?
- На кој начин функционира пропагандата во светот денес?
- Како да ја препознаеме и да бидеме критични кон неа?
- Какво влијание има пропагандата на нашите општества?

Комплет наставни ресурси во врска со еврејскиот отпор е достапен на Echoes and Reflections: <http://echoesandreflections.org/unit-6/> и на Holocaust Education Trust на Обединетото Кралство: <https://www.tes.com/en-ie/teaching-resource/jewish-resistance-during-the-holocaust-6329876>.

Наставни ресурси во врска со современата релевантност на темата човекови права заедно со примери од Втората светска војна се достапни на Teach Human Rights: <http://www.teachhumanrights.com/genocide.html> и RFK Human Rights' Defenders Curriculum: <https://rfkhumanrights.org/work/teaching-human-rights>.

Наставни ресурси за нацистите и современата пропаганда се достапни на:

- United States Holocaust Memorial Museum: <https://www.ushmm.org/educators/lesson-plans/redefining-how-we-teach-propaganda>
- Mind over Media: <https://propaganda.mediaeducationlab.com/teachers/>
- Echoes and Reflections: <http://echoesandreflections.org/unit-2-antisemitism/>
- Berlin Museum of Film and Television: <https://www.deutsche-kinemathek.de/en>

Нацистите биле особено вешти во создавањето и ширењето на антисемитската и на другите видови пропаганда. Весникот *Der Stürmer* бил главниот стожер на нивната пропагандна машинерија и бил во функција од 1923 до 1945 година. Изберете примери од весниците што излегувале во тој период, било во Германија или во некоја друга земја, и анализирајте ги еден по еден заедно со учениците, притоа избегнувајќи стереотипи.

- Што вели пораката?
- Која е нејзината цел?
- Кои стереотипи ги користи?
- Зошто е опасна оваа пропаганда?
- Дали и денес можеме да најдеме ваков тип на пораки?
- Кои групи или поединци промовираат вакви пораки и со која цел?

Ниту антисемитизмот ниту историјата на Евреите може да се сведат само на Холокаустот. Освен што ја истражува виталноста на еврејските заедници во Европа пред појавата на националсоцијализмот, тој исто така може да даде еден омоќен наратив за отпорот на Евреите за време на Холокаустот. Тоа може да помогне во надминувањето на идејата дека Евреите профитираат од тоа дека се жртви и затоа „не го оставаат тоа зад себе“. Учениците можеби не размислиле дека Евреите се и борци за човекови права или граѓански активисти, како во периодот на Втората светска војна така и денес, а поединци или групи Евреи може исто така да се вбројат меѓу примерите за бранители на човековите права и во борбите во други земји.




Памфлет од Der Stürmer од триесеттите години на минатиот век. Преземено од збирката на Музејот на холокаустот на Соединетите Држави, подарок од семејството Кац. На него пишува:

„И тој дошол во Германија! Сите тие изгледаа како да дошле во Германија од истокот. Немаа ништо свое, апсолутно ништо. Но тоа наскоро се промени. Ги изнапикаа своите орловски носови во сè; се вгнездија насекаде, а за тоа им требаше малку време бидејќи тие владееја. Нивна крајна цел е да воспостават светска еврејска доминација. Поради тоа, апсолутно е неопходно секој Германец да го осознае вистинското лице на Евреите за да може да разбере колкава опасност се тие и каква е заканата од оваа раса врз нашиот народ.“

[14] За повеќе информации, види: Media and Information Literacy: Curriculum for Teachers: Module 2: Understanding The News, Media And Information Ethics (Unit 1: Journalism And Society), стр. 77-80, (Paris: UNESCO, 2011), <http://www.unesco.org/new/en/communication-and-information/resources/publications-and-communication-materials/publications/full-list/media-and-information-literacy-curriculum-for-teachers/>.

*Facing History and Ourselves*: <https://www.facinghistory.org/topics/antisemitism-religious-intolerance> им овозможува на наставниците детални лекции за справување со антисемитизмот преку и во рамките на образованието. Има посебна лекција за разните форми на отпор на Евреите во времето на Холокаустот која може да биде од корист за да се објаснат различните искуства на Евреите во тој период:

"Resistance during the Holocaust: An Exploration of the Jewish Partisans", Facing History, <https://www.facinghistory.org/resource-library/resistance-during-holocaust>.

"Music, Memory, and Resistance during the Holocaust", Facing History, <https://www.facinghistory.org/music-memory-and-resistance-during-holocaust>.

Освен отпорот, учениците исто така можат да ги истражат и различните улоги што ги имаат луѓето во ситуации кои ги нарушуваат човековите права, како што се лидери, сведоци, жртви и сторители. Кои биле и кои се дилемите со кои се соочуваат разните чинители, каков избор можеле да направат и за што размислувале кога одлучувале дали да заземат став?

Наставни ресурси за „Дилеми, избори и одговори за време на Холокаустот" можат да се најдат на интернет-страницата на Трустот за образование за Холокаустот на Обединетото Кралство: <https://www.tes.com/member/HolocaustEducationalTrust>. Тоа може да се надополни со давање примери за дилемите со кои се соочуваат луѓето кога се изложени на предрасуди и дискриминација во денешно време, внимавајќи притоа да се вклучи и антисемитско сценарио покрај другите форми на нетолеранција.

# Ресурси и дополнителни материјали

За примарни извори за Холокаустот што може да се најдат во базата на податоци на Јад Вашем за Праведните меѓу народите, види:
<http://db.yadvashem.org/righteous/search.html?language=en>.

За совети за тоа како да се користи видео сведочење како примарен извор при работата на час, види: “Survivors and Witnesses”, Facing History,
<https://www.facinghistory.org/survivors-and-witnesses>.

Наставен пакет со лекции на тема „Животот на Евреите пред војната“ може да се преземе од:
<https://www.tes.com/en-ie/teaching-resource/pre-war-jewish-life-6163128>.

Интернет-порталот *Virtual Shtetl* ги документира историјата на еврејските заедници, нивниот општествен живот, верата, традицијата, образованието и културата во Источна и Централна Европа, со информации од над 1.900 градови и села на териториите на денешна Полска, Литванија, Белорусија, Украина, Летонија, Естонија, Русија и Молдавија:
<www.shtetl.org.pl>.

Мултимедијален интернет-водич низ главниот град на Полска, видено низ историјата на неговите еврејски жители:
<http://warsze.polin.pl/en/>.

За наставен ресурсен пакет на тема „Дилеми, избори и одговори“ во врска со Холокаустот, види:
<https://www.tes.com/en-ie/teaching-resource/dilemmas-choices-and-responses-to-the-holocaust-6164874>.

За ресурси во врска со отпорот на Евреите, види:
- “Jewish Resistance”, Echoes and Reflections, <http://echoesandreflections.org/unit-6/>.
- “Jewish Resistance during the Holocaust”, TES, <https://www.tes.com/en-ie/teaching-resource/jewish-resistance-during-the-holocaust-6329876>.

Наставни ресурси за нацистичката и современата пропаганда се достапни на:
- “Redefining how we teach propaganda”, United States Holocaust Memorial Museum, <https://www.ushmm.org/educators/lesson-plans/redefining-how-we-teach-propaganda>;
- “Why Propaganda Education Matters”, Mind Over Media, <https://propaganda.mediaeducationlab.com/teachers/>;
- “Antisemitism”, Echoes and Reflections, <http://echoesandreflections.org/unit-2-antisemitism/>.

Наставни ресурси за современата релевантност на човековите права:
- “To Repair the World: Becoming a Human Rights Defender”, AFT Human Rights Resources, <http://www.teachhumanrights.com/genocide.html>;
- Robert F. Kennedy Human Rights organization gives information about human rights and its work, here: <https://rfkhumanrights.org/work/>;
- “A World Made New: Human Rights After the Holocaust”, Facing History, <https://www.facinghistory.org/universal-declaration-human-rights/world-made-new-human-rights-after-holocaust>.

За совети за наставата кога се обработува однесувањето на луѓето во времето на Холокаустот, види: “Holocaust and Human Behavior”, Facing History,
<https://www.facinghistory.org/holocaust-and-human-behavior>.

Office for Democratic Institutions and Human Rights

OSCE ODIHR